# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА



Ноември 2018

# ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

Ноември 2018

Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Мисијата се придржува до Одлуката PC.DEC/81 на Постојаниот совет на ОБСЕ

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6

**1. ПРАВЕН ОСНОВ И ПРИЧИНИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЛСП** . . . 7

**2. ЛОКАЛНИ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

2.1 Научени лекции . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

2.2 Потешкотии во нивното воспоставување и функционирање . . . . . . . . . . . 9

2.3 Значење . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 9

2.4 Што е потребно да се воспостави ефикасен систем? . . . . . . . . . . . . . . . . 9

**3. РАЗВИВАЊЕ НА МУЛТИАГЕНЦИСКИ ПРИСТАП ПРЕКУ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

3.1 Различни начини на полициско постапување кои во својата основа го имаат концептот „Community policing“. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10

**4. ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА – СОСТАВ** . . . . . . . . . . . . . 14

4.1 Работен систем - кои се членови на советот? . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 14

## ВОВЕД

„Community policing", односно „Полициското работење во заедницата" како концепт на полициско работење и организација на работата на полицијата се развива повеќе од 15 години. Ваквиот концепт на полициско работење, е препознатлив во најголем број од демократски развиените држави во светот.

Ваквиот концепт на полициската организација и полициското работење во заедницата доминантно го поставува прашањето за градење однос на меѓусебна доверба и соработка помеѓу полицијата и граѓаните и акцентот го става на превентивниот и проактивниот пристап кој се темели на проблемски ориентираното полициско работење.

Локалниот пристап во адресирањето на проблемите/заканите и постапувањето по истите, го поставува како клучно прашањето за реформа на целокупната полициска организација.

"Локалниот Совет за Превенција" (во натамошниот текст ЛСП) е една од најпрепознатливите "алатки" за развивање и градење на концептот Полициско работење во заедницта, особено во локалната самоуправа. ЛСП значително помага за градење доверба и за подобрување на партнерството помеѓу институциите, локалната самоуправа и граѓаните. Голем број земји во светот успешно применуваат сличен метод за полициско работење во заедницата, но сепак, секоја земја го прилагодува истиот спрема сопствената култура, потреби и демократскиот капацитет на институциите, како и нивната сервисна улога.

# 1. ПРАВЕН ОСНОВ И ПРИЧИНИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЛСП

Полициската организација како еден од највидливите органи на државна управа во последните години е фокусирана на реформи, кои се целосно посветени на постигнувањето на основните демократски вредности: владеење на правото, почитување на човековите права и слободи и целосна посветеност на зајакнувањето на соработката и довербата во полицијата.

Законот за полиција ги дефинира основните функции на полицијата:

- Заштита на животот, имотот и личната сигурност на граѓаните;
- Заштита на човековите права и слободи гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- Спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и откривање на нивните сторители;
- Одржување на јавниот ред и мир;
- Укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба и др.

Наведените функции полицијата може да ги извршува преку редовното полициско работење и преку полициско работење во заедницата кој во основа претставува соработка помеѓу полицијата и заедницата во препознавање на проблемите во заедницата и нивно навремено решавање.

Со прифаќањето на ваквиот концепт на полициско работење, полицијата не е повеќе сама „чувар“ на редот и мирот, затоа што сите членови на заедницата стануваат активни сојузници во напорите да се обезбеди безбедност во нивното соседство.

Оттаму, концептот полициско работење во заедницата, бара активно учество на **ПОЛИЦИЈАТА**, **ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**, **ГРАЃАНИТЕ,** државните и стопанските лидери, НВО, училиштата, другите јавни институции и др.

Полициската работа во заедницата може да претставува и стратегија за намалување на криминалот и унапредување на безбедноста во пошироката заедница. Со правилна реализација, адекватно планирање и подготовка, полициската работа во заедницата може да даде траен придонес на општите стратешки обиди за спречување на појава на социо-патолошки, девијантни и казнено правни настани.

ЛСП, е востановена можност и форма за градење на безбедна средина за живеење на локално ниво преку препознавање на локалните проблеми и градење на локални стратегии за решавање на проблемите со адекватно вклучување на надлежните субјекти.

Стратегијата за развој на полиција 2016 – 2020 во четвртата стратешка цел ја дефинира определбата на МВР за **„понатамошен развој на демократските принципи на полициско работење за подобрување на нивото на доверба меѓу граѓаните и полицијата, вклучувајќи и почитување на човековите права“.** Понатаму, стратешката цел е операционализирана преку конкретната цел 4.4 **Зајакнување на работата со заедницата**, односно преку активноста за **„зајакнување на капацитетите на Локалните совети за превенција“.**

Ваквата стратешка определба на Министерството за внатрешни работи е препознатлива како во законската рамка така и во организациската структура на Министерството.

Во ***членот 11*** од Законот за полиција определена е посебна обврска за полицијата да соработува со граѓаните, државните органи, здруженијата на граѓани и други правни лица заради спречување или откривање на кривични дела и прекршоци.

Законот ги потенцира и формите преку кои ќе се одвива соработката меѓу полицијата и граѓаните, државните органи, здруженијата на граѓани и сл., преку формирање советодавни и координативни тела (совети и комисии).

Во член 18 од Кодексот на полициска етика експлицитно е наведено дека Полицијата се организира согласно принципот Community policing што овозможува воспоставување односи на релација полиција-јавност, а со тоа и **ефикасна соработка со други државни органи, единици на локалната самоуправа, здруженија на граѓани и граѓаните.**

Со цел вршење на полициските работи, во осумте Сектори за внатрешни работи формирани се организациски единици за превенција. Истите функционално се поврзани со организациските единици надлежни за јавен ред и мир, сообраќај и криминалитет.

Превенцијата како стил на полициско работење е имплементирана преку организациските единици за превенција, раководителите на организациските единици за униформирана и за цивилна полиција, како и преку сите полициски службеници кои секојдневните задачи ги извршуваат во постојана комуникација со граѓаните. Ваквата определба значи работа на градење на позитивен однос со заедницата, развивање на програми за превенција, идентификување на фактори на ризик и предлагање на мерки и активности за намалување, односно отстранување на нивното влијание.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Во пракса ЛСП не се регулирани во националното законодавство[1]. Во членот 25 од Законот за локална самоуправа, не е создадена законска обврска за задолжително формирање на локалните совети за превенција, но препознато е значењето на граѓаните во одлучувањето за прашања кои се од локално значење а како една од формите за нивно партиципирање се утврдуваат и граѓанските иницијативи, собирите на граѓани, референдумот.

И покрај отсуството на законската обврска за формирање на ЛСП, несомнено е значењето на локалните власти да ги препознаат истите како основна алатка за развивање на меѓуресорски/мултиагенциски пристап во градењето на безбедна средина за живеење.

Според хиерархијата на потреби, претставена во „Теоријата на човековата мотивација“ во 1943 година Абрахам Маслов (Abraham Maslow) ја определува „безбедноста како една од темелните човекови потреби“[2], и при рангирањето на потребите безбедноста ја става на втората скала од пирамидата, непосредно по основните физиолошки потреби кои се основа за човековата егзистенција. Во тој контекст, тоа значи дека откако човекот ќе ги задоволи физиолошките потреби (храна, вода, стан), **тој се стреми кон задоволување на потребата за безбедност**, како предуслов за постигнување повисоки мотиви и потреби на личноста (за поврзаност и прифаќање, за почитување и самопотврдување).

1 Исклучок се општинските совети за превенција од малолетничко престапништво кои се формираат согласно Законот за правда на децата („Службен весник на РМ“ бр. 148/13)

2 Maslow Harold Abraham, *Мотивацијата и личноста*, (Београд: Нолит, 1982): 107

# 2. ЛОКАЛНИ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

## 2.1 Научени лекции

Локалните совети за превенција отпочнаа да се формираат од 2002 година. Истите иако формално се формирани во речиси сите општини во државата, не се воспоставија како ефикасни тела за превенција. Имено истите сеуште не се ефикасен форум за работа, пред се поради „ад хок" средбите, отсуството на континуитет, а во одредени општини и отсуството на ентузијазам за нивно ефикасно воспоставување како алатка за решавање на претпоставени проблеми или проблеми кои веќе се појавиле во заедницата.

## 2.2 Потешкотии во нивното воспоставување и функционирање

- Немање свест за потребата од постоење на ЛСП и неговите можности кај институциите и кај локалната самоуправа;
- „Несериозен" и понекогаш необјективен пристап во носењето на одлуки, давањето рокови за постапување и непочитувањето на истите;
- Отсуството на фидбек/повратна информација за активностите за кои била донесена одлука дека ќе се реализираат, непостоењето реални објаснувања за причините поради кои не се постапувало по донесените одлуки и сл.

## 2.3 Значење

Локалните совети за превенција ги вмрежуваат сите клучни субјекти во една општина, кои може да влијаат на квалитетот на живеење на граѓаните. Од полициска перспектива, истите треба да ги вмрежат сите клучни субјекти кои ќе и„помогнат" на полицијата за извршување на нејзината превентивна дејност, односно ќе и помогнат на полицијата да биде проактивна во решавањето на безбедносните проблеми на граѓаните.

## 2.4 Што е потребно да се воспостави ефикасен систем?

1. Постојана комуникација и соработка помеѓу полицискиот менаџмент од високо и средно раководно ниво;
2. Комуникација и соработка со други служби (институции, државни органи и сл);
3. Поддршка од локалната, но и од централната власт (со одвоени буџетски средства, но и со комуникација помеѓу министерствата за сите воочени слабости во комуникацијата на локално ниво);
4. Промена на законски решенија. Отсуството на облигаторност за формирање на ЛСП, како и непостоењето на прецизна методологија за работа го создава **правниот јаз помеѓу ТРЕБА и МОЖЕ да има.**

Операционализацијата на концептот во кој полициската работа е насочена кон заедницата и градење на партнерство со неа преку Локалните совети за превенција, овозможува:

- ***зајакнување на полициската ефикасност*** (затоа што граѓаните ќе сакаат да соработуваат со полицијата, во смисла да разговараат, да споделуваат информации, да учествуваат во програмите и проектите што ги спроведува полицијата и сл.);
- ***унапредување на безбедноста во заедницата*** (полицијата треба својата работа да ја адаптира на безбедносните потреби на локалната заедница);
- ***подигнување на квалитетот на живот во заедницата на повисоко ниво*** (редуцирање на чувството на страв од криминал во заедницата, зголемување на чувството на сигурност и безбедност и задоволството од полицијата);
- ***подигнување на повисоко ниво на сигурност кај полицијата при вршење на својата работа и зголемено ниво на задоволство од работата*** (доколку заедницата ја прифати полицијата како своја, истата ќе и укаже доверба и ќе ја доживува како своја).

# 3. РАЗВИВАЊЕ НА МУЛТИАГЕНЦИСКИ ПРИСТАП ПРЕКУ ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СОВЕТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

## 3.1 Различни начини на полициско постапување кои во својата основа го имаат концептот „Community policing“

„Community policing“ односно Полициското работење во заедницата е основа на проактивното полициско работење. Концептот се темели на принципот на доверба и изразена волја за соработка на граѓаните со полицијата и обратно.

Преку проблемски ориентираното полициско работење се операционализира коцептот на полициско работење во заедницата. Навременото идентификување на проблемите и изнаоѓањето ефикасни и ефективни решенија за истите, ќе ја зголеми кај граѓаните довербата во полицијата.

Полициското работење водено од информации, како концепт на полициско работење значи „силно/доминантно“ развиен концепт на полициско работење во заедницата, затоа што граѓаните ќе сорабуваат со полицијата само ако и веруваат и ако се уверени во нејзината посветеност во решавањето на проблемите кои ги имаат.

Оттаму од развиеноста на „Community policing“ и полициското работење водено од информации, ќе зависи и ефикасноста во решавањето на проблемите **(Слика 1).**




**Слика 1: Начини на полициско постапување**

ЛСП се препознатлива алатка за развивање на концептот на Полициско работење во заедницата. Истите може да се наречат и форум за „дискусија“ односно излагање на безбедносни проблеми кои бараат одговор на локално ниво и ќе ја поттикнат взаемната соработка помеѓу граѓаните, полицијата, државните органи, граѓанските здруженија и сл.

Ваквиот концепт, особено јакнењето на капацитетите на Локалните совети за превенција, подразбира унапредување на соработката и градење на партнерство не само со граѓаните, туку и со институциите и други правни лица во локалната заедница.

Полицијата во своето работење, се соочува со настани кои се случуваат инцидентно, но и со социо-патолошки појави, девијантно однесување и казнено правни настани кои се повторуваат почесто и истите веќе не се изолирани настани. Истите стануваат **ПРОБЛЕМ** и бараат системски пристап.

**ЗАБЕЛЕШКА:**

1. Еден изолиран настан не е проблем. Проблемот е група на поврзани случувања (исти или слични) кои предизвикуваат чувство на несигурност и страв кај граѓаните;
2. Проблемот ја засега заедницата, а не само еден човек;
3. Проблемот нема сам да се изгуби и поради тоа потребно е да се предложи стратегија и план за постапување кои ќе бидат реални и ќе се темелат на расположливи ресурси.

Решавањето на проблеми и проблемски ориентираното полициско работење треба да биде основна стратегија за одговор. Всушност концептот на Полициското работење насочено кон решавање проблеми го трансформира концептот на „Полициско работење во заедницата“ од филозофија во оперативна практика што ја користат сите полициски службеници во полициската организација: превенција, позорна и патролна служба, сообраќајната полиција, одделите за крим истраги. Ваквиот пристап подразбира проактивност, дефинирање на причините кои го предизвикале проблемот, дефинирање на суштинскиот проблем и ефектите кои настанале или претпоставуваме дека може да настанат **(Слика 2).**




**Слика 2: Проблемски ориентирано полициско работење/ ЛСП**

ЛСП, најмногу ќе помогнат за да се поттикне сеопфатен пристап во третирањето на проблемите, преку скенирање на причините кои го предизвикале проблемот, анализа на проблемот, утврдување одговорни за постапување и мониторинг на процесот врз спроведување на мерките на Локалниот совет за превенција.

На состаноците на Локалните совети за превенција клучно е да се направи соодветна анализа на потенцијалните проблеми или проблемите кои веќе постојат и тоа преку:

- ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ;
- АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМОТ;
- УТВРДУВАЊЕ МОЖНОСТИ ЗА ДА СЕ ВЛИЈАЕ НА ПРОБЛЕМОТ;
- ПРОЦЕНКА ДАЛИ Е РЕШЕН ПРОБЛЕМОТ.

| | |
|---|---|
| **Скенирање на проблемот и негово дефинирање.** | 1. Идентификување, дефинирање и истражување на причините кои го предизвикале постоечкиот проблем или кои „најавуваат" можен проблем;<br>2. Идентификување на учесниците кои би можеле да бидат вклучени во решавањето на проблемот;<br>3. Развивање распоред за активности (состаноци, мерки и сл.). |
| **Анализи – Зошто овде?** | 4. Состанок со веќе идентификуваните учесници за да се презентира и разјасни проблемот, да се дефинираат целите на процесот;<br>5. Собирање информации и анализа на проблемот;<br>6. Проценка, односно анализа на тоа колку средината влијае врз создавањето на проблемот за да може да се влијае на истиот. |
| **Одговорност—Што може да се направи за да се реши проблемот?** | 7. Развивање стратегија, како и алтернативни можности за постигнување на целта;<br>8. Оценка на социјалните, политичките, правните импликации врз спроведувањето на стратегијата за решавање на проблемот;<br>9. Развивање план за имплементација на дефинираната стратегија со одговорни субјекти, потребни ресурси, финансиски импликации, лоцирана одговорност за надзор врз спроведувањето на стратегијата и планот и дефинирање на индикатори за успешност; |
| **Проценка—Дали стратегијата вродува со резултати ?** | 10. Мониторинг на прогресот, врз основа на утврдените индикатори за успешност;<br>11. Одлука дали целиот процес треба да се повтори ако не се постигнати очекувани резултати или за прекинување на постапката затоа што проблемот е решен. |

**Табела 1: Начин на решавање на одреден проблем**

Со оглед на тоа дека решавањето на безбедносните проблеми се помалку зависи само од полициското постапување, неминовно потребно е вклучување на повеќе засегнати страни кои може да помогнат во градењето на алтернативи за надминување на проблемите.

Карактеристично за концептот на Полициско работење во заедницата е дека проблемот се анализира пошироко отколку во класичниот пристап (кој е фокусиран само на откривање на сторителите на казниви поведенија). Концептот на полициско работење во заедницата е фокусиран кон алтернативи, а во барањето на алтернативите корисно е да се вклучат повеќе институции и организации. А тоа само по себе значи дека полицијата во превентивниот, односно проактивниот пристап на полициско работење мора и треба да постапува во интеракција со други институции.

За да се институционализира соработката и партнерскиот однос на полицијата со другите субјекти во заедницата неопходно е да се воспостави систем за работа кој ќе се темели на:

- Донесена одлука за соработка,
- Правила за соработка,
- Методологија за работа и
- Методологија за следење на резултатите од работата.

Полициската организација треба да ги поттикнува локалните власти да ги унапредуваат во континуитет своите интерни прописи, но и да ги поттикнуваат, односно постојано да иницираат мерки и активности кои треба да се преземаат од другите институции за да се намалат причините кои доведуваат до појава на криминал; да се елиминира или намали девијантно однесување или насилство во поедини идентификувани зони. На пример: контрола на одредени угостителски објекти – дискоклубови, барови и сл. во координација со Државниот пазарен инспекторат, Управата за јавни приходи (трудова експлоатација, сексуална експлоатација, прекршоци од работниот однос и сл.); да се подобри осветлувањето на улиците, да се решава прашањето за напуштени запоставени имоти или оштетени ненаселени објекти (на пример стари куќи во кои се собираат лица зависници и сл); да се отстранат хаварисани возила од паркинг местата; да се изградат спортски терени за младите и сл.

Мултиагенцискиот пристап, во градењето на сигурна и безбедна средина, всушност ги:

- **ОБЕДИНУВА РЕСУРСИТЕ;**
- **ГИ НАМАЛУВА ТРОШОЦИТЕ;**
- **ЈА ЕЛИМИНИРА МОЖНОСТА ЗА ПРЕКЛОПУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ;**
- **СЕ ЗГОЛЕМУВА КОХЕЗИВНОСТА НА ЗАЕДНИЦАТА, ОСОБЕНО НА ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ЗАЕДНИЧКОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ВООЧЕНИТЕ ПРОБЛЕМИ.**

Оттаму, полицијата не само што има законска обврска да соработува со одредени институции во рамките на процедурите за полициско постапување, туку има и одговорност да придонесува за соработка со заедницата преку комуникација и со други субјекти.

Формално правната соработка бара цврсти врски на полицијата со останатите компоненти на кривично правниот систем (обвинителство, суд), центрите за социјална работа, здравствените институции. Соработката со училиштата, локалната самоуправа, спортските здруженија, граѓанските здруженија, заводот за вработување, верските организации е значајна особено во градењето на заеднички стратегии за решавање на одредени проблеми во заедницата.

# 4. ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА – СОСТАВ

Составот на ЛСП најмногу треба да зависи од средината – општината во која се формираат.

Искуствата покажуваат дека одредени членови ПРЕПОРАЧЛИВО е да бидат постојани и истите треба да го сочинуваат заедничкиот задолжителен совет, а променливите членови да се повикуваат во различните тематски односно проблемски работни групи. Тематската/проблемската работна група треба да биде составот на ЛСП, кој е надлежен да носи одлуки, но и да презема акција за решавање на одреден проблем или за развивање на локални стратегии за превенција на можен /претпоставен проблем. Каков ќе биде составот на ЛСП зависи од дневниот ред утврден за седницата на ЛСП.

## 4.1 Работен систем - кои се членови на советот?

При утврдување на членовите на ЛСП, значајно е да се има предвид :

1. **Утврдената методологија за формирање и работа на ЛСП**
2. **Составот на ЛСП и формирање на тематски/проблемски работни групи во состав на ЛСП**
3. **Промнеливот број на членови на ЛСП во зависност од темата/проблемот.**

### Методологија за формирање и работа на ЛСП

1.1 Препорачливо е ЛСП да се формира со **одлука на Советот на општината**. Во одлуката на советот на општината треба јасно да се определи кој ќе заседава со ЛСП. **Претседавач на ЛСП препорачливо е да биде градоначалникот на општинат**а, пред се поради авторитетот и можноста тој/таа да се застапува за реализација на изготвените планови за дејствување. Постојани членови на ЛСП може да бидат претседателот на Советот на општината, од МВР - командирот на месно надлежната Полициска станица и раководителот на надлежната организациска единица за криминалистички работи, надлежниот раководител на Секторот за дејности од јавен интерес (кој ги опфаќа дејностите образование, детска заштита, социјална заштита, здравствена заштита, култура и спорт). **Началникот на Секторот за внатрешни работи, е клучен субјект кој со своето вклучување во работата на ЛСП, ќе даде силна поддршка за нивното воспоставување, но и нивно функционирање во интерес на локалната заедница.** Воедно, ако се има предвид дека доколку тој/таа ги знае и учествувал во носењето на одлуките, тогаш успехот во реализацијата на преземените обврски ќе биде сигурен. Началникот на СВР, заедно со раководителот на Отсекот за превенција, треба да бидат постојани членови на ЛСП во општината каде што има седиште Секторот за внатрешни работи, а доколку на дневен ред се постават и прашања кои имаат поширок јавен интерес или прашања кои предизвикуваат вознемиреност кај граѓаните задолжително е неговото присуство и на ЛСП во другите општини. Раководителот на организациската единица за превенција, може да биде задолжителен член во сите ЛСП од општините за кои е надлежен Секторот.

ЗАБЕЛЕШКА: Вистинска посветеност кон развивање на концептот, значи постојаност на седниците на ЛСП од страна на градоначалникот, началникот на СВР, командирот на ПС, раководителите на организациските единици за крим полиција и за превенција.

**ЗАБЕЛЕШКА: Бројот на задолжителните, односно постојаните членови на ЛСП треба да зависи од големината, развиеноста и потребите на општината, како и од обемот на безбедносни прашања и проблеми со кои се соочува општината. Оттаму раководителот на надлежната организациска единица за превенција и градоначалникот треба да направат соодветна проценка за големината на заедничкиот совет.**

1.2 ЛСП треба да има секретар кој ќе ги закажува седниците на ЛСП, ќе ги почитува дадените рокови за постапување предвидени во плановите за решавање на одреден проблем.

1.3 Во работата треба да се вклучи и лицето задолжено за односи со јавност во општината. На тој начин ќе се овозможи „видливост" на работата на Локалниот совет за превенција (закажани состаноци, донесени одлуки, реализирани планови и сл).

1.4 Променливите членови ќе зависат од дневниот ред на состанокот на ЛСП и прашањата што ќе бидат предмет на дискусија. Оттаму, од особено значење за работата на ЛСП од аспект на поврзување на активностите и координирано работење, од суштинско значење е и вклучувањето на претставник од соодветна, односно надлежна комисија од Советот на општината.

1.5 За да се овозможи континуитет, препорачливи се најмалку шест (6)тематски/ проблемски работни состаноци на ЛСП во текот на една календарска година. Дневниот ред ќе биде предусловен од проблемите кои се веќе идентификувани или за кои постои можност да се појават.

1.6 За секој идентификуван или претпоставен проблем треба да се почитува принципот на работа образложен во табелата бр. 1.

**Постои практика за ЛСП да се формира еден заеднички совет (со постојани членови од точката 1.1) и тематски/проблемски работни групи (за одредени прашања)** составени од претставници на различни организациски единици на полицијата, на локалната власт, со задача да ги дефинираат безбедносните проблеми во локалната заедница и да предлагаат заеднички стратегии за превентивно и репресивно дејствување. Составот на тематските/проблемските работни групи се разликува во различни општини во зависност од општината (демографските и географските карактеристики, најчестите проблеми со кои се соочуваат граѓаните и сл.) Локалниот совет за превенција може да има повеќе тематски/проблемски работни групи во зависност од темите, односно проблемите поставени на дневниот ред . Не секој Локален совет за превенција во секоја општина треба да се дели на истите работни групи. Во различни општини тематските/ проблемските работните групи на Локалниот совет за превенција ќе зависат од карактеристиките на општината, но и од дневниот ред утврден за седницата на ЛСП.

**ЗАБЕЛЕШКА: Раководителите на организациските единици за превенција, треба да дадат силна поддршка на командирите на Полициските станици во воспоставувањето на ЛСП, во нивното функционирање и да бидат главните координатори на активностите, а воедно и да вршат мониторинг и евалуација врз нивната ефикасност.**




**Слика 3: ЛСП и проблемски/тематски групи**

## ПРИМЕРИ ЗА РАБОТА НА ЛСП:

### Пример 1: Локален совет за превенција (заеднички совет)

Ако во заедницата (едно населено место, улица, една населба, еден колективен објект за станување и сл) постои загриженост, чувство на несигурност, поради зачестени тешки кражби од домот, полицијата доминантно е одговорна за анализа на причините и суштинскиот проблем. Доколку проблемот биде поставен на дневен ред на ЛСП, полицијата може да побара да се осветлат неосветлените улици (општината), да преземе обврска врз основа на времето и местото на кое најчесто се случуваат тешките кражби да го зголеми бројот на полициските патроли, оперативните служби и сл.

*****

**Во овој случај планот за решавање на проблемот може да го предложи заедничкиот совет на ЛСП проширен со претставници од граѓаните (засегнати граѓани, претставници од бизнис заедницата (дуќанџии, занаетчии и сл) кај кои постои несигурност и загриженост за безбедноста на нивниот имот.**

### Пример 2 – Тематска/проблемска работна група за превенција од радикализација и насилен екстремизам

Концептот на полициско работење во заедницата ја промовира идејата за поголемо учество на заедницата и граѓаните во полициското одлучување и постапување. Во таа смисла ваквиот Концепт на полициско работење во заедницата и Локалните совети за превенција значително може да придонесат за унапредување на проактивниот пристап во третирањето на екстремизмот и тероризмот. Ниту едно општество не може да има ефикасна и успешна борба против тероризмот доколку таа исклучиво се потпира само на примена на репресивните мерки. Оттаму повеќе од нужно е паралелно со репресивните мерки да се развива и надградува и системот на превентивно дејствување.

Практично овде станува збор за детерминирање на основните показатели на феномените на екстремизам, радикализација и тероризам во заедницата, за нивно рано воочување преку партнерството на полицијата со граѓаните, и следствено на тоа примена на превентивни мерки и активности за елиминирање на таквите појави, пред тие воопшто да станат предмет на кривично-правен прогон.

Поради значењето на прашањето, тематската/проблемската работна група за превенција од радикализација и насилен екстремизам препорачливо е да воспостави редовен систем на работа со месечни средби на релевантните субјекти за индиции кои упатуваат на можна радикализација (говор на омраза, појава на графити, насилство и сл). Задолжително да се одржуваат состаноци доколку било кој од надлежните субјекти побара состанок кај градоначалникот поради веќе идентификуван и препознат проблем во средината каде што ги извршува работните задачи или живее, како и врз основа на добиено сознание.

Во случаи кога се поставува на дневен ред прашањето за превенција од радикализација и насилен екстремизам, составот на тематската/проблемската работна група покрај присуството на постојаните членови во работата на ЛСП треба да се поканат и да се вклучат и јавниот обвинител, претставници од училиштата (директорите или претставници на стручните служби), претставници од советите на родители, претставник од училишните заедници на учениците, претставници од локалните младински совети, претставници од релевантни НВО, здравствени работници, локални верски лидери, претставници од агенции за приватно обезбедување (одговорни лица), претставници на спортски здруженија, претседатели на урбани или месни заедници и други релевантни субјекти.

### Пример 3 – Општински совет за превенција од малолетничко престапништво

Во случаи кога малолетничкото престапништво е приоритено прашање, покрај постојаните членови советот треба да се прошири со претставници од полицијата – надлежни за работа од областа на малолетничкото престапништво или од друга надлежна организациска единица, претставници од социјалните служби, судија за малолетници, обвинител за малолетници, директори на училишта, претставници од советите на родители, претставници на спортски здруженија и сл.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Општинските совети за превенција од малолетничко престапништво се задолжителни (член 158 од Законот за правда на децата). Во истиот член дефинирани се членовите на Советот како и нивниот мандат.

### Пример 4: Тематска/проблемска работна група за заштита на животната средина

Како најчести проблеми во овој сегмент, практиката ги издвојува појавата на диви депонии, пожари на отворено, бесправно сечење на шумите, испуштање отпадни води на јавни површини и сл.

Покрај задолжителните членови, на состаноците се препорачува да учествуваат претставници од противпожарните единици, претставници од ЦУК и ДЗС на локално ниво, здравствените домови, претставници до Министерствата за земјоделство, шумарство и водостопанство и сл.

***ЗАБЕЛЕШКА:*** Во зависност од дневниот ред во работата на ЛСП може и треба да учествуваат претставници од различни тематски/проблемски работни групи.

**Од погоре наведените примери, можеме да зборуваме за неисцрпен список на членови, кои во зависност од темата/проблемот би можеле да учествуваат во работата на ЛСП:**

- Градоначалникот заседава со ЛСП и тој/ таа има постојани советници кои се и постојани членови на ЛСП;
- ЛСП има секретар кој го менаџира работењето на ЛСП (формално – правно, административно и сл)
- Претставници од кривично правниот систем, и тоа од полицијата (началник на СВР, раководител на организациската единица надлежна за превенција, командир на ПС, раководителот на криминалиситчката полиција), јавен обвинител, судија (во зависност од темата/проблемот судија за малолетници, на претходна постапка, од кривичен суд, од граѓански суд и сл.) ;
- Претседателот на советот на општината, претседатели на различни комисии во општината;
- Претставници од Министерствата (од централно ниво или претставници на локално ниво);
- Претставници од верските заедници;
- Локални медиуми;
- Невладини организации кои работат на проблематика која е во фокусот темата;
- Претседавачи на Советодавни групи на граѓани (вообичаено тоа се претставници од различни урбани заедници или месни заедници;
- Државни службеници или лица со соодветна експертиза препознатливи на локално ниво: психолози, доктори, универзитетски професори и сл.
- И други релевантни стручни лица или надлежни институции, организации (национални и меѓународни).

# МРЕЖА НА КЛУЧНИ СУБЈЕКТИ




**Слика 4: Мрежа на клучни субјекти во работата на ЛСП**




**Слика 5: Структура на Локаланиот совет за превенција, со забелешка дека на состанокот на ЛСП може да учествуваат претседавачи на повеќе советодавни групи на граѓани.**

## Како би требало да функционира локалниот совет за превенција?
## Забелешки

**ОВОЈ СОВЕТ Е АЛАТКА КОЈА ГО ЗАЈАКНУВА:**

**ПАРТНЕРСТВОТО**

**ОВОЗМОЖУВА ДА:**

СЕ ИМА **ЗАЕДНИЧКИ ЦЕЛИ**;

ДА СЕ **РЕШАВААТ ЛОКАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ;**

ДА ИМ СЕ ПРУЖИ **ПОМОШ И ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ;**

***

**ЈА ЗАЈАКНУВА СЕРВИСНАТА УЛОГА НА ИНСТИТУЦИИТЕ**

**Слика 6: Цели на ЛСП**

**СЕ ФОРМИРА: СО ОДЛУКА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА**

**ЗАСЕДАВА: ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

***

**ПОСТОЈАНИ ЧЛЕНОВИ (претседател на совет на општината, командир на месно надлежна полициска станица и раководител на организациската единица за криминалистички работи, надлежниот раководител на Секторот за дејности од јавен интерес во општината(кој ги опфаќа дејностите образование, детска заштита, социјална заштита, здраавствена заштита, култура и спорт)**

***

**ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ТРЕБА ДА ИМА СЕКРЕТАР И ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ „ВИДЛИВОСТ" И „ОДРЖЛИВОСТ" НА ИСТИОТ СО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И КОРИСТЕЊЕ НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА ОПШТИНАТА И НА МВР ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ СТРАТЕГИИ И ЛОКАЛНИТЕ ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ**

***

**ПРОМЕНЛИВИ ЧЛЕНОВИ – ВО ЗАВИСНОСТ ОД ДНЕВНИОТ РЕД НА СОСТАНОКОТ НА ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА**

***

**ЛОКАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ИМА ТЕМАТСКИ/ПРОБЛЕМСКИ РАБОТНИ ГРУПИ КОИ РАБОТАТ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПРОБЛЕМИТЕ КОИ БИ МОЖЕЛЕ ДА СЕ СЛУЧАТ, ОДНОСНО ЗА КОИ ПОСТОЈАТ ИНДИКАТОРИ КОИ УПАТУВААТ НА „ПРЕТПАЗЛИВОСТ" ИЛИ ЗА ВЕЌЕ ИДЕНТИФИКУВАНИ ПРОБЛЕМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА**

***

**ЛСП ТРЕБА ДА РАБОТИ РЕДОВНО – НАЈМАЛКУ 6 СОСТАНОЦИ ВО ГОДИНАТА, А ПО ПОТРЕБА ИЛИ БАРАЊЕ НА НЕКОЈА ЗАСЕГНАТА СТРАНА И ПОЧЕСТО**

***

**ЗА СЕКОЈ СОСТАНОК НА ЛСП ЌЕ СЕ ИЗГОТВУВА ЗАПИСНИК. ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ ВРЗ СЕКОЈ МОЖЕН ИЛИ РЕАЛЕН ПРОБЛЕМ ЌЕ СЕ ИЗРАБОТУВА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДИНАМИКА И РОКОВИ**

**************

**ЛСП ЌЕ РАЗВИВААТ И ПРЕДЛАГААТ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ИЛИ КАМПАЊИ ЗА ПРЕВЕНТИВНО ДЕЈСТВУВАЊЕ / СПРЕЧУВАЊЕ НА МОЖНОСТИТЕ/ПРИЧИНИТЕ ЗА ПОЈАВА НА ПРОБЛЕМИ ВО ЗАЕДНИЦАТА**

**Слика 7: Резиме - Како треба да функционира ЛСП?**

## ***НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК:***

За работата на ЛСП од најголемо значење е поддршката на локалната самоуправа и раководителите во полицијата.

Заедничките цели на двете засегнати страни, која ќе влијае врз квалитетот на живеење на граѓаните во себи ги опфаќаат:

- Унапредување на принципите на демократијата и владеење на правото;
- Заштита на животот на граѓаните како највисока вредност;
- Заштита на имотот на граѓаните;
- Превенцијата на криминалот како оперативен приоритет;
- Вклучување на заедницата во работата на полицијата;
- Одговорност пред граѓаните;
- Зајакнување на професионализмот во полициската организација;
- Градење на високи стандарди на професионален интегритет.

Изработил: Виш полициски советник во БЈБ д-р Жаклина Просароска

Контролирал и согласен: Помошник на Директорот на ЕСПСКК – д-р Тони Станковски

**ДИРЕКТОР**
**НА БИРО ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ**
**м-р Сашо Тасевски**